# Извештај

од одржаната Регионална средба на Народниот правобранител
и Комисиите за односи меѓу заедниците

**Локација:** хотел „Кичево“ - Кичево
**Време:** 14.05.2008 година, 11:15-16:10 часот

**Организатор:** Фондацијата Институт отворено општество – Македонија во соработка со Здруженијата на граѓани: Центар за развој на заедницата Кичево, Центар за одржлив развој на заедницата Дебар и Здружението за развој и активизам „Аква“ Струга (поранешни Центри за поддршка на НВО – Кичево, Дебар и Струга).

**Цел на средбата:** Да се поттикне соработка меѓу Народниот правобранител и Комисиите за односи меѓу заедниците (Кичево, Другово, Вранештица, Струга, Дебар и Центар Жупа) за прашања кои се однесуваат на немнозинските етнички заедници.

**Присутни:** 17 претставници на Комисиите за односи меѓу заедниците (КОЗ) од Кичево, Другово, Струга, Дебар и Центар Жупа. Од комисијата од општина Вранештица тројцата пријавени претставници пред почетокот на настанот го откажаа нивното учество.

Даут Селими -Заменик Народен правобранител - регионална канцеларија Кичево
Камер Имери - Државен советник на заменикот Народен правобранител - регионална канцеларија Кичево
Ардита Дема - Заменик извршен директор на ЗЕЛС
Сунчица Костовска Петровска - Раководителка на проектот
Тамара Ќортошева - Асистентка на проектот
Локалните координатори на проектот од: Центар за развој на заедницата Кичево, Центар за одржлив развој на заедницата Дебар, Здружението за развој и активизам „Аква“ Струга и Центар за поддршка на заедницата Ресен.
Магда Сарџоска, Исмет Балажи и Нермина Фазлијоска - членови на локалниот мониторинг тим од проектот за Кичево, Другово и Вранештица

**Медиуми**-Дописници на МИА, Канал 77, Дневник, Утрински Весник, МРТВ1, МРТВ2, Коха, Новинар на ТВ Гура.
Средбата ја модерираше Сретен Коцески- Институт за развој на заедницата-Тетово

**Прилог -** Листа на присутни

**Тек на средбата**-
За средбата беше обезбеден симултан превод на албански и турски јазик.
Сретен Коцески го отвори настанот и ја претстави целта на средбата.


The project is funded by European Commission (EIDHR – Campaign 4: Advancing Equality, Tolerance and Peace) and FOSIM
Project office: FOSIM, Civil Society Program, Blvd. Jane Sandanski 26/2-2, 1000 Skopje, tel/fax: 02/2403010,
e-mail: lme@sonet.com.mk, www.podistosonce.org.mk

Присутните ги поздрави раководителката на проектот Сунчица Костовска Петровска, која ги презентираше приоритетите на проектот, активностите кои се имплементираат со цел размена на искуства, да се согледа каде треба да се подобрува и заеднички да се делува за посоодветно остварување на правата на заедниците. Во рамките на тоа го истакна значењето на одржување на вакви средби, особено во мултиетничките средини.
Потоа се премина на првата точка од дневниот ред:

*1. Презентација на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците (КОЗ).*
Бедрудин Телак - претседател на КОЗ *Кичево*: Комисијата е составена од 7 членови, претставници на сите етнички заедници кои живеат во општина Кичево. Употребата на јазикот на седниците е во законската рамка, но проблем прави недостатокот на техничка опрема. Издвои **2 случаи за кои расправала комисијата,** именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Кичево, предложен од советничката група на ДУИ, по кој расправала комисијата и инцидентот во гимназијата „Мирко Милески" Кичево меѓу учениците од македонска и албанска етничка заедница.
За случајот со учениците во ЦСО „Мирко Милески" дадена е поддршка на предлозите од градоначалникот и координаторите на советничките групи и предложено е да се реализира наставната програма во училиштето, класните раководители да имаат почести средби со родителите на учениците и да се осветли и уреди училишниот двор.
Комисијата предлозите ги доставила до Советот и побарала Советот да расправа по тие предлози од комисијата и да донесе соодветна Одлука во согласност со законот.
До комисијата досега **нема поднесени претставки од страна на граѓаните за посериозни проблеми,** за чие решавање би требало да се вклучат повисоки институции. **Помалите проблеми ги решаваaат во надлежните институции во општината.**

Младен Ванчоски - претседател на КОЗ *Другово***,** истакна дека **иако оваа општина нема законска обврска да формира ваква комисија сепак е формирана меѓу првите комисии** со цел почитување и вклучување во донесувањето на одлуки на сите етнички заедници кои живеат во оваа општина без разлика на нивната мала процентуална застапеност. Советот иако нема обврска, сепак ја **дава можноста при промена на имиња на улици, мостови, при решавање на прашања од областа на културата да се вклучат сите етнички заедници преку оваа комисија**. Оваа општина има традиционално добри меѓуетнички односи, а комисијата е ставена во функција на превенирање на конфликти. Како пример во оваа насока го наведе затегнувањето на односите помеѓу македонската и турската етничка заедница што настанало при формирањето на Одборот на месната заедница во с. Србјани. Со цел да се релаксираат односите и да се изнајде решение, комисијата имала средби и разговори со двете етнички заедници. Комисијата за овој случај излегла со предлог пред Советот на општина Другово да се запре постапката за формирање на месна заедница (МЗ), а за да функционира МЗ, Советот да назначи стручна служба за да не дојде до ескалација на состојбата. Советот го прифатил нивниот предлог. Претседателот истакна дека **комисијата за својата работа има поддршка од страна на Советот. Во буџетот на општината се предвидени средства за работата на комисијата**.

Раде Настоски - член на КОЗ *Струга*, во отсуство на претседателот на комисијата тој ја презентираше работата на оваа комисија. Комисијата, во првите 2 години постоела само формално. Потенцираше дека **улогата на оваа комисија уште од самото формирање не е сериозно сфатена од страна на Советот на општина Струга**. Оваа комисија е составена од надворешни членови кои не се советници во Советот и немаат искуство во работата, заради тоа уште на почетокот на формирањето, комисијата побарала од Советот и општинската администрација помош за изготвување на деловник за работа, но не наишла на разбирање. Благодарение на невладините организациии кои им организирале обуки, комисијата сега има изготвено деловник за работа за регулирање на општо-технички аспекти и организација на КОЗ. Комисијата редовно се состанува секој прв понеделник од месецот, **градоначалникот и претседателот на Советот се поканети на секоја нивна седница, но комисијата е игнорирана од нивна страна**. Комисијата одржува редовни седници, на секоја седница прва

точка на дневен ред се меѓуетничките односи во општината, настанати промени од претходен состанок, актуелни прашања поврзани за проблемите на етничките заедници, **комисијата дава мислења по прашањата, но од страна на Советот не се разгледуваат**. А од друга страна, **за прашањата кои се на дневен ред на седници на Советот, а кои се поврзани со етничките заедници Советот не бара мислење/став од оваа комисија иако има законска обврска за тоа**.
Се осврна и на активностите на комисијата што ги имала во насока да почне да се надминува проблемот со учениците средношколци во Струга, напомена дека **комисијата делувала превентивно** т.е. остварила контакти со раководителите на училиштата и дала свои предлози до раководните органи да ја вршат својата работа, да се изготви програма за заеднички активности на учениците од двете етнички заедници.
Свои предлози и мислења за надминување на проблемот со учениците како избор на квалитетен раководен кадар, изработка на програми за работа и препорака да надлежните органи да ја вршат својата работа дале и до меѓународните претставници.
Проблемот се уште не е решен, т.е. решено е учениците Албанци и Македонци да учат одделно, но тоа е до 10 јули оваа учебна година, а за од септември кога почнува наредната учебна година не се знае.

<u>Илми Куртиши</u> - надворешен член на КОЗ *Дебар*: во Дебар соживотот на сите етнички заедници е добар. По однос на проблемите на етничките заедници го истакна проблемот со невработеноста на Ромите, од Ромите нема вработено во ниедна структура. Иако имало иницијатива за работа, а и прашања кои се во нејзина надлежност за кои би расправала како на пример вработувањето на ромската популација, досега не се состанала оваа комисија.

<u>Асије Сезаир</u> - претседателка на КОЗ и советничка во Советот на општина *Центар Жупа,* се обрати на турски јазик. Во општина Центар Жупа мнозинството население е од турската етничка заедница, овој крај е планински и има отежнати услови за живот и работа и секоја помош од кој вид и да е, е добредојдена. Иако турската етничка заедница е мнозинско население во општината, сепак нема претставник од турската етничка заедница во Советот и на директорски места, има само 1 директор Турчин кој е избран од СДСМ.

*2.Презентација на надлежностите на Заменикот народен правобранител на РМ*
<u>Даут Селими</u> - заменик Народен правобранител (НП) - регионална канцеларија Кичево, се обрати на македонски и албански јазик, изрази отвореност на институцијата да одговори на сите прашања за кои сметаат дека може да се одговори.
Оваа канцеларија е една од 6-те регионални канцеларии која е формирана во 2005 год, а според законот донесен во 2003 год. со цел да се поблиску до граѓаните. Оваа канцеларија го опфаќа регионот Кичево, Македонски Брод, Охрид, Струга, Дебар и општините кои се произлезени од нив. Во поголемите градови од регионот има точно определени денови за прием на странки, граѓаните за приемните денови се информираат преку локалните медиуми.
Народниот правобранител е нов орган на РМ формиран во 1997 год. за да се грижи за почитување на уставните и законските права на граѓаните, спроведување на законите, принципот на соодветна и правична застапеност на немнозинските етнички заедници и принципот на недискриминација на овие заедници. Единствениот орган на РМ има донесено закон во 2003 год. каде освен македонскиот службен јазик е и јазикот на заедницата која е над 20% во државата, во овој случај албанскиот.

- Услови за поднесување претставка и постапување по претставка.

Граѓаните може да поднесуваат претставки до народниот правобранител на мајчин јазик, да не се анонимни и да е наведен органот на кој се однесува претстабката. Народниот правобранител е должен во рок од 15 дена да одговори на претставката.
Народниот правобранител **дава предлози, мислења, критики до органите на државата**, **а органите се обврзани да постапат по нив.**
Народниот правобранител има право без најава да ги посети и изврши увид во сите документи на органите на државата, а тука спаѓа и претседателот на РМ. Оваа посета се прави кога Народниот правобранител има информација дека државниот орган повредува некое право на граѓанин.

- Поднесени претставки за кршење на правата на етничките заедници до Народниот правобранител

Многу мал е бројот на поднесени претставки од овој вид, на ниво на РМ од вкупно 3000 предмети, претставките од овој вид по години изнесуваат:
2005-0,13%
2006-0,34%
2007-0,20%
Во регионалната канцеларија Кичево бројот на поднесени претставки од оваа област по години е:
2005-1
2006-нема
2008-1
Иако има повреди од овој тип, една од причините е неинформираноста на граѓаните, а и на Комисиите за односи меѓу заедниците за постапување по овој вид повреди. Начинот на решавање по овие повреди е согласно Уставот и законите на РМ, меѓународните договори кои нашата земја ги има потпишано и ратификувано со Советот на Европа. Немаме закон за недискриминација, закон за употреба на јазиците е предвиден во Уставот, но нема посебен закон за оваа намена, Народниот правобранител има иницијатива за нив и за сите закони што се во Рамковниот договор 2003 год. Законот за правична застапеност и законот за недискриминација се во процедура во парламентот на РМ.

*3.Улогата на комисиите за односи меѓу заедниците и идни активности на ЗЕЛС за поддршка на Комисиите за односи меѓу заедниците*

Ардита Дема - заменик извршен директор на ЗЕЛС и член на Управен Комитет на проектот во чии рамки се спроведува и оваа средба: ЗЕЛС постои од 1972 год, ги обединува сите 84 општини и градот Скопје и ги брани интересите на сите општини, структури и тела кои делуваат во рамките на ЕЛС пред централната власт и меѓународните организации. ЗЕЛС во периодот пред започнување на процесот на децентрализација има работено на законот за регулирање на функционирање на ЛС и имплементација на процесот на децентрализација и функционирањето на Комисиите за односи меѓу заедниците.
Во изминатиот период ЗЕЛС има работено на јакнење на капацитетите на Комисите за односи меѓу заедниците, во 2006 г. организирана е конференција „*Општинската комисија за односи меѓу заедниците*“ на која присуствувале и претставници на ОБСЕ, Совет на Европа, НВО, од која се произлезени следниве заклучоци: став за изработка предлог иницијатива за измена и дополна на статутите на општините со цел регулирање и обезбедување на простор за овие комисии за реализација на нивните активности, како и зголемување на комуникацијата на овие комисии со градоначалниците и Советите. Во рамките на оваа иницијатива од страна на Институт за развој на заедниците (ИРЗ) - Тетово е дизајниран и издаден прирачник за функционирање на комисиите.
Од 2009 год. во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) ќе се имплементира проект за поддршка на комисиите, поддршката ќе се состои од организирање средби на комисиите со цел идентификување проблеми и подобрување на комуникацијата на комисиите со градоначалниците и советите на општините. Во овој проект ќе бидат вклучени сите комисии.

## Дискусија:

Џеват Изетоски - претставник на етничката заедница на Египќани член на КОЗ Струга: Соодветната и парвична застапеност на сите заедници не се почитува на локално ниво. Во однос на Охридскиот рамковен договор спомнати се само македонската и албанската етничка заедница, помалите заедници не се спомнати.
**Помалите етнички заедници како што се Египќаните, на национално ниво не се интегрирани во системот**, **треба да се интегрираат особено во општините каде ги има во значителен број**. Има дискриминација кон оваа заедница. Египќаните во преамбулата на Уставот не се спомнати, застанато е до Роми. Дали треба да има друг закон што ќе ги опфати заедниците кои се запишани под „други“? Ова не задоволува затоа што според ова се мисли

дека овие етнички заедница не се доволно застапени. Побара одговор од народниот правобранител.
**КОЗ иако се формирани и работат, не наидуваат на поддршка од Советот, мислењата од оваа комисија на се ставаат на точка на дневен ред на седниците на Совет.**

Сретен Коцески - Во активностите кои ги спроведуваат организациите меѓу кои и ИРЗ - Тетово помалите заедници беа запоставени, но веќе се адресираат проблемите на помалите заедници: Во блиска иднина планирани се активности во кои ќе бидат вклучени и ќе се слушне гласот на помалите заедници и ќе се адресираат проблемите на помалите заедници и да допрат и до Народниот правобранител и до другите институции.

Даут Селими - заменик Народен правобранител: во однос на правичната застапеност на етничките заедници во ЕЛС, Народниот правобранител е единствена институцијата што се грижи за уставноста и законитоста на овие принципи, според програма за работа бара информации за состојбите од институциите за изготвување на годишен извештај. Според добиените податоци од Министерството за локална самоуправа на национално ниво во ова министерство етничката структурата на вработените е следнава: 18 Македонци, 16 Албанци, 1 Турчин, 1 Ром и 1 други.
Во однос на Египќаните како етничка заедница, според Уставот оваа етничка заедница е во графа „други", но како ги третираат и во однос на нивната застапеност во структурите на локално ниво не е запознаен. Досега нема поднесено претставка од овој вид, единствено имало претставки од Роми и Албанци од Кичево, за едната има позитивна судска пресуда за вработување, а за другата се уште се води процесот по жалба.
Иако Египќаните во Уставот се во графата „други", особено во општините каде ги има во значителен број треба да се застапени во институциите за кои е надлежна ЛС.

Амит Шемоски - член на КОЗ во општина *Центар Жупа*: комисијата има расправано за доста проблеми, еден од нив е промената на името на училиштето „Моша Пијаде". Побарано е да се преименува во „Кемал Ататурк", запазени се сите законски процедури од иницијатива за промена на име од страна на родителите, Управен одбор на училиштето, расправано е во КОЗ и дадено е мислење до Советот на општината кој донесол Одлука за промена на името со Акламација.
Комисијата го разгледувала и проблемот во гимназијата во Центар Жупа - неисплаќање на личен доход на вработените за период од 5 месеци, за ова известени се и надлежните институции, г-динот Ерван Фуере, но нема разрешница, постои сомнеж дека причината за нерешавање на овој проблем е можеби тоа што гимназијата е на турски наставен јазик.
Етничката структура на населението во Центар Жупа е: 81% Турци, 11% Македонци 7% Албанци, 1% неизјаснети.
Етничката структура на вработените во ЕЛС Центар Жупа е 5 Турци, 2 Албанци, 3 Македонци.
На 3 директорски места има по 1 припадник на турската, македонската и албанската заедница.
**Општината е пример за соодветна и правична застапеност на сите заедници, кој треба да го следат сите општини и сите треба да го почитуваат законот.**
Од присутните побара да кажат каква е состојбата со правичната застапеност и почитувањето на правата на помалите етнички заедници во нивните општини, како и за етничката структура на вработените во институцијата Народен правобранител, особено со колкава бројка се застапени Турците.

Даут Селими - Народен правобранител, според годишниот извештај во **институцијата Народен правобранител на ниво на РМ** има 69 вработени од кои 39-македонци, 23-албанци, 1-Турчин, 2-власи, 2-роми, 2-срби, или по пол 44-жени и 25-мажи,ова покажува дека застапени се сите според Уставот, дури повеќе.

Халит Насуфи - надворешен член на КОЗ на општина *Кичево:* општина Кичево е двојазична, седниците на Совет се одвиваат на двата јазици, сите документи се двојазични, настаните што се организираат секогаш се двојазични. За ефикасно спроведување на двојазичноста проблем е што општината не поседува опрема за симултан превод, за надминување на ова бара помош од ЗЕЛС.

Ардита Дема – ЗЕЛС: овој проблем е лоциран од страна на ЗЕЛС и во проектот за поддршка на КОЗ кој што ќе се имплементира, предвидено е и обезбедување на ваква опрема за општините каде најмалку 20% од населението припаѓаат на друга етничка заедница. Испораката оди со претходна проценка на техничките предуслови услови во општините. Испораката ќе почне до крајот на оваа година и предвидено е да се испорача во 30 општини меѓу кои е и општина Кичево. Освен општините, оваа опрема ќе можат бесплатно да ја користат и невладините опганизации.

*4. Искуствата на комисиите за решени, делумно решени и отворени прашања од интерес на немнозинските етнички заедници*
Сретен Коцески - да се даде осврт на она што досега направиле комисиите, дали превзеле мерки по одредени прашања, покренале постапки до институциите, на пример до Врховен суд. Одговорноста на комисиите е голема, **во следниот период комисиите ќе бидат повикани на поголема одговорност од граѓаните**, комисиите ќе треба да им одговорат на граѓаните кои припаѓаат на заедницата која заедница тие ја претставуваат во комисијата.

Амит Шемоски - член на КОЗ на општина *Центар Жупа:* комисијата има поднесено барање за промена на името до Министерството, но немаат никаков одговор. До денес не биле запознаени дека треба, и имаат право да поднесат тужба до Врховен Суд на РМ. Забелешка до Народниот правобранител за непосетување на општина Центар Жупа, затоа што населението од оваа општина има доста проблеми за кои би побарало помош од оваа институција. Исто така забелешка и за несоодветна застапеност на Турците во институцијата Народен правобранител.

Даут Селими - заменик Народен правобранител, појасни дека етничката структура на вработените за која претходно говореше се однесува на национално ниво. Се согласи дека според % застапеност на Турците во РМ треба да има поголема застапеност на Турците во оваа институција, додека пак според % на население во однос на албанската етничка зедница овој број треба да е помал во оваа институција. Во регионалната канцеларија Кичево вкупниот број на вработени е 5 од кои 3 се Албанци (зам. Народен правобранител, државен секретар и преведувач) и 2 Македонци (возач и хигиеничар). Ова е вака заради етничкиот состав на населението во регионот што го опфаќа оваа канцеларија, мнозинството на населението е од албанската етничка заедница. Состојбата со застапеноста на другите етнички заедници во оваа институција ќе се подобри со отворање на одделенија во другите градови.

Сретен Коцески: во руралните општини се бара соодветна застапеност и има согласност од сите структури: градоначалникот, комисиите и Советот, но за спроведување на ова како проблем се наведува недостатокот на финансиски средства, дали ова е вистината? Факт е дека помалите општини немаат капацитети, посиромашни се, а после територијалната реорганизација на овие општини им се наметнаа претходно вработените и се појави дисбаланс во соодветната застапеност. Дали ЗЕЛС има информации како ова се решава?

Ардита Дема – ЗЕЛС: факт е дека руралните општини имаат помал фонд на средства и за капитални инвестиции и за вработување. После процесот на децентрализација се случи само деконцентрација на средствата но не и поголеми средства за генерирање на развој и вработување на нови луѓе. ЗЕЛС им укажува на централните власти општините да си ги добијат средствата согласно законите, а не само поголеми надлежности, а несоодветни средства. Важни се и менаџерските способности на градоначалниците да обезбедат средства за нови вработувања. ЗЕЛС е поборник за правичната застапеност и дава препораки за работа до општините.

Исмет Балажи - претседател на Центар за развој на заедницата - Кичево и член на мониторинг тим за Кичево, Другово и Вранештица: од спроведениот мониторинг во однос на правичната застапеност во ЕЛС Кичево, состојбата е следнава: Македонци 85%, Албанци 7,40%, Турци 4,93%. Секако ова е резултат на наследени ситуации и неповолни односи во поглед на правичната застапеност, иако во РМ има позитивна законска рамка која ги обврзува

институциите, но ако ја повикуваме само КОЗ, не може набрзина да се решат овие состојби, тука се и многу други фактори како и политичката волја на постоечката владеачка гарнитура. Улогата на КОЗ не е само да се грижи за правичната застапеност, таа има поширок обем на обврски во односите меѓу заедниците.

Џеват Изетоски - член на КОЗ Струга: Законска рамка има до Роми, но реалност е дека во РМ живеат и помали етнички заедници што се внесени во графата „други“, дали со некој закон се опфаќаат „други“ за да се знае кои се и кој е бројот по етничка заедница што спаѓа во оваа графа и дали излегува тоа во статистика. Треба да има проекти за интеграција на помалите заедници во системот. Овие етнички заедници треба да ги имаат истите права како и другите заедници, овие заедници сеуште не се интегрирани во системот. Народниот правобранител треба да ги застапува и правата на помалите етнички заедници (Хрвати, Црногорци, Египќани...) и да ги вклучи во структурата на таа институција. На тој начин би се почувствувале како граѓани на оваа држава, а сега се чувствуваат дискриминирани.
Побара мислење од државниот советник за начин на интегрирање на овие заедници или ќе се дозволи да се асимилираат.

Магда Сарџоска - член на мониторинг тим за Кичево, Другово и Вранештица: од спроведениот мониторинг во однос на правичната застапеност во ЕЛС Другово, состојбата е Македонци 8, Власи 1, Турци 1. Меѓуетничките односи во оваа општина се добри.

Нермина Фазлијоска - член на мониторинг тим за Кичево, Другово и Вранештица: извршен е мониторинг кај Народниот правобранител во однос на поднесени претставки, мониторинг во ЕЛС Вранештица за правична застапеност, каде нема ниту еден претставник на турската етничка задница. Жената Турчинка во 3-те општини не е застапена ниту во општината, ниту во Советите, има само 2 жени Турчинки вработени во Кичево, а другите не се од Кичево, тие се од другите делови на РМ.
Причината за малиот број на претставки поднесени до Народниот правобранител од помалите етнички заедници, како и за состојбата во која се наоѓа турската етничка заедница, а особено жената Турчинка е **недоволната информираност на граѓаните**. Треба да се направи многу повеќе во однос на образованието, бидејќи кај оваа заедница е на многу ниско ниво. Овде може многу да помогнат невладините организации.

Раде Настоски - претставник на етничката заедница Власи, член на КОЗ *Струга*: често во Советите на општините нема претставници на помалите етнички заедници и токму заради тоа се формирани овие комисии. Но, **иако се формирани овие комисии, не се случува Советот да побара мислење од оваа комисија за прашања кои ги засегаат помалите етнички заедници**. Откако е формирана комисијата само еднаш е побарано мислењето на оваа комисија и тоа при донесување на Статут на општината за член 20, но без повратна информација. **Членовите на комисијата не ги знаат нивните ингеренции**. Работата на оваа комисија треба да е со закон регулирана според кој Советот ќе бара мислење од комисијата, мислењето на комисијата да се става на дневен ред на седниците на Совет.
Дали може ЗЕЛС да помогне Советот да стане поодговорен? Народниот правобранител да даде писмено или усно образложение за неповедување постапка при наименување на член од влашката заедница во парламентот на РМ во комитетот за односи меѓу заедниците. Постои злоупотреба на етничката припадност.

Ардита Дема: постои проблем во комуникацијата меѓу Советите и комисиите и токму заради тоа ќе се имплементира споменатиот проект каде една од целите е и подобрување на оваа комуникација. Во однос на ова има и законска регулатива, Закон за Локална самоуправа член 55 и Статутот на општината, има и прирачник во кој се опишани ингеренциите на комисиите. Заложбата на комисиите за своите одлуки треба да е поголема, а и треба да бидат поумешни понастојчиви за спроведување на нивните предлози.

Даут Селими изрази согласност дека систематизацијата во оваа институција (Народен Правобранител - НП) не е совршена, но во другите институции состојбата е полоша, посочи дека надлежноста на КОЗ не е само да се грижи за соодветна и правична застапеност, има и

други области каде се надлежни да делуваат како на пример Закон за државјанство, тортура од полицијата, запишување на учениците, запишување во матичните книги.
Причината за непокренување постапка, неповедување постапка при наименување на член од влашката заедница во парламентот на РМ во комитетот за односи меѓу заедниците е што изјаснувањето за етничката припадност е во времето кога таа веќе беше пратеник, а не пред изборот.
Сега со новиот деловник на Собранието секој пратеник е должен со поднесување на апликацијата за пратеник и лично да се изјасни за националноста, со што ќе се избегнат вакви пропусти.
Народниот правобранител освен што самоиницијативно покренува постапка, тој покренува постапка и на иницијатива од граѓаните и КОЗ. КОЗ има право да поднесе барање до НП, а тој е должен да даде мислење, предлог и до Советот. Должностите на НП е да достави посебен извештај до Советот, да дава мислење, предлог, препорака по прашањата доставени од КОЗ, но само доколку има барање од КОЗ до НП. Досега ниедна КОЗ нема поднесено претставка до НП.

Сретен Коцески: може да се заклучи дека **има механизми, но прашање е дали КОЗ ги користат.**

Камер Имери - државен советник на НП: надлежностите на НП се ограничени, **се постапува за повреда на права на граѓани или група на граѓани, а за повреда на цели етнички заедници се решава на политичко ниво**. НП постапува по претставки на граѓани, за повреда на правата на граѓанинот од страна на институциите. Тоа може да биде од непреземени мерки или преземени мерки спротивни на законот. Институцијата е отворена за соработка откако сите механизми и начини на решавање на проблемите комисиите ќе ги исцрпат во составот на телото кое ги формирало, а тоа е Советот на општината.

Бедрудин Телак -претседател на КОЗ Кичево препорачува кога се врши мониторинг да се контактираат одговорните лица на институцијата. Посочи дека во општина Вранештица иако турската етничка заедница е застапена над 20%, општината не е двојазична и нема ниту еден вработен Турчин. Кај турската популација во РМ има проблем што наши иселеници во Р. Турција, овде родени, не можат да се вратат во РМ и да добијат македонско државјанство. Во законот за државјанство на РМ има дискриминација врз турската заедница, односно доколку Турчин од Македонија се исели во Р. Турција нема право да се врати. Бара појаснување и помош од НП.

Нермина Фазлијоска - член на мониторинг тим: при мониторинг секогаш информациите се земаат од одговорните лица и се верификуват податоците.

Даут Селими – НП: во Европа има специфики во законите за државјанство, таков пример се Австрија, а и Турција, во Законот за државјанство во Р Турција е предвидено доколку граѓанин од Македонија побара турско државјанство треба да го изгуби државјанството од матичната држава, сам да поднесе барање за да се брише од евиденцијата на државјанин на Македонија, а треба да се исполнат и некои други предуслови како што се познавање на јазикот на државата, поседување на имот каде можат да се вратат. Доколку има вакви поединечни иницијативи, НП е отворен за совет и помош во склоп на неговите ингеренции.

Марек Насковски - надворешен член на КОЗ Кичево: **КОЗ функционира без деловник и програма, нема поддршка од општината, а се бара одговорност од КОЗ, како може да се бара одговорност без правна рамка.** КОЗ на седниците заклучоците ги донесува со консензус. На седницата на КОЗ за избор на член на УО во ЈКП „Комуналец" Кичево едногласно е донесен заклучок и мислење - **не треба да се гледа на етничката припадност, приоритет треба да се стави на компетентноста и менаџерските способности**. Заради лични побуди, некои проблеми вештачки се наметнуваат како меѓуетнички. Во однос на одговорноста, во РМ има повреди на правата на граѓаните но никој досега не сносел одговорност. **КОЗ треба превентивно да делува и да се насочи кон подигнување на свеста на граѓаните**, и да се насочи кон добро менаџирање на општината, но нема поддршка

од структурите на ЛС. Препорака, КОЗ да се вклучи во кампања и во детските градинки, нашите деца да ги воспитуваме дека се граѓани на РМ и дека треба да функционираме заедно.

Сретен Коцески: Постојат 2 основи по кои КОЗ може да биде повикана на одговорност, **Легалноста** - КОЗ има службена должност, членовите се назначени од Советот, обврска е да дава мислења по одредени прашања, а Советот мора да донесе одлука по 4-те области по мислењето од КОЗ. Иако Советот не го прифаќа мислењето од КОЗ таа е должна да го даде своето мислење. Доколку Советот донесе Одлука без мислење на КОЗ, КОЗ треба да се обрати до НП или Врховен Суд. Важно е да се биде во тек со процесите што се случуват.
КОЗ не се здруженија на граѓани и треба да биде внимателна со спроведување на кампањи, нејзината улога е определена со закон.
Друга одговорност е **одговорноста пред заедницата која ја претставуваат во оваа комисија**. Повеќе од три години се работи на подобрување на капацитетите на комисиите за односи меѓу заедниците и не смее да се рече дека не ги знаат своите одговорности.

Амит Шемоски - член на КОЗ на општина *Центар Жупа:* жената Турчинка е застапена во структурите во општината, во оваа општина тренд е иселување на млад образован кадар во други држави заради непочитување на законот за правична и соодветна застапеност и партиско вработување. Има повреди на права на граѓаните, но НП треба да доаѓа и во оваа општина.

Аднан Љатиф - надворешен член на КОЗ Струга: **КОЗ има меѓуинституционални проблеми, КОЗ има проблеми од институцијата од која е формирана**. Комисијата е игнорирана од страна на Советот. Во случајот со средношколците, КОЗ делува превентивно, но не се почитува нејзиното мислење и тука не може да се бара нејзина одговорност. КОЗ не се согласува со одвојувањето на учениците Македонци и Албанци, а каде се тука турските ученици. Меѓуетничките проблеми се помеѓу Албанците и Македонците, Турците може да бидат обвинети дека држат нечија страна. Матурските вечери се слават одвоено.

Даут Селими – НП: во општина Центар Жупа заменик Народниот правобранител доаѓа на нечие барање. Посочен е случај кога НП бил во Центар Жупа на барање на ОУ да се изготви анкета за меѓуетничките односи на Муслиманите, Турците и Албанците, за кој е изготвен и извештај. Доколку има барање од КОЗ, НП ќе дојде.
За решавање на проблемот со подвојувањето на учениците во Струга надлежни се министерствата, ЗЕЛС и Советот, доколку нема одговор од нивна страна, КОЗ треба да се обратат до НП кој постапува на барање, дава мислење.
**Институцијата НП е отворена за соработка откако сите механизми и начини на решавање на проблемите комисиите ќе ги исцрпат во составот на телото кое ги формирало, а тоа е Советот на општината.**

Сретен Коцески: **во државата постојат механизми за решавање на проблемите, но од нас зависи колку ќе ги искористиме**.

**Заклучоци:**

Раде Настоски: Многу добра и корисна средба од која многу научивме како на пример за можноста вакви средби да се организираат од домашни како што е оваа, а не од меѓународни организации. **Да се организираат вакви средби во секоја општина, на кои средби освен комисиите да бидат присутни и советниците од општината**.

Џеват Изетоски - член на КОЗ Струга, покренува постапка за одговорност на институциите, како да се постапи со советниците на општините кои не доаѓаат на седниците на комисијата Дали ќе се формира Национален Совет по примерот на соседните држави?

Камер Имери - државен советник на НП**: надлежноста на НП е да постапува по претставки на граѓани, а не од КОЗ, затоа што КОЗ е орган**. Доколку има непочитување на некој закон, а

од доменот на надлежностите на КОЗ, КОЗ треба да се обрати до инспекциските служби на Министерството за локална самоуправа, а не до Народниот правобранител

Аднан Лапо - член на КОЗ Струга: **треба да се почитуваат правата и на помалите етнички заедници, а не постојано да ги бараат, да се рамноправни со поголемите етнички заедници**.

Предраг Јончиќ - член на КОЗ Кичево: **да се организира средба на која ќе бидат присутни и градоначалниците и Советите на општините за да ја сфатат функцијата на КОЗ**.

Марек Насковски - член на КОЗ: **КОЗ да имаат правни нормативи за работа**.

Камер Имери: **да се организира заедничка средба на комисиите и градоначалниците на која ќе се зборува за значење на КОЗ и обврската за почитување на мислењето на КОЗ**.

Младен Ванчоски - член на КОЗ Другово: **има потреба од дебати, подобрување на капацитетите на КОЗ и на Советите и градоначалниците**.

Сунчица Костовска Петровска: се покажа дека секој на себе ја чувствува одговорноста за придонесот во ова општество и за заедничкото наше мултиетничко живеење. Може да се забележи дека одговорноста ја чувствувате не само како членови на КОЗ туку како граѓани, што е најважно. Ние сме отворени за соработка и излегување во пресрет на потребите. Во однос на брошурата за фукционирање на КОЗ, координаторите на Центрите ќе дистрибуират копии од брошурата до членовите на КОЗ.

Сретен Коцески - Советот на општината е должен да ги стави на располагање сите законски нормативи потребни за работа на КОЗ.

Записничар,
Елизабета Ристеска

**Листа на присутни**

| Бр. | Име и презиме | НВО/ Институција |
|---|---|---|
| **КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ - КИЧЕВО** | | |
| **1.** | Бедредин Телат | Комисија за односи меѓу заедниците - Кичево |
| **2.** | Марек Насковски | Комисија за односи меѓу заедниците - Кичево |
| **3.** | Предраг Јончиќ | Комисија за односи меѓу заедниците - Кичево |
| **4.** | Кочо Томески | Комисија за односи меѓу заедниците - Кичево |
| **5.** | Халит Насуфи | Комисија за односи меѓу заедниците - Кичево |
| **КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ - ДРУГОВО** | | |
| **6.** | Младен Ванчоски | Комисија за односи меѓу заедниците - Другово |
| **7.** | Бобан Силјаноски | Комисија за односи меѓу заедниците - Другово |
| **8.** | Лазо Михајлоски | Комисија за односи меѓу заедниците - Другово |
| **9.** | Ахмет Идризоски | Комисија за односи меѓу заедниците - Другово |
| **КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ - СТРУГА** | | |
| **10.** | Раде Настоски | Комисија за односи меѓу заедниците – Струга |
| **11.** | Аднан Лапо | Комисија за односи меѓу заедниците – Струга |
| **12.** | Џеват Изетоски | Комисија за односи меѓу заедниците – Струга |
| **13.** | Кире Сирбиноски | Комисија за односи меѓу заедниците – Струга |
| **КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ - ДЕБАР** | | |
| **14.** | Идриз Рамадан | Комисија за односи меѓу заедниците – Дебар |
| **15.** | Илми Куртиши | Комисија за односи меѓу заедниците – Дебар |
| **КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ - ЦЕНТАР ЖУПА** | | |
| **16.** | Асије Сезаир | Комисија за односи меѓу заедниците - Центар Жупа |
| **17.** | Хамит Шемовски | Комисија за односи меѓу заедниците - Центар Жупа |
| **МЕДИУМИ** | | |
| **18.** | Саша Дукоски | МРТ |
| **19.** | Светлана Вељаноска | Дневник, МИА, Канал-77 |
| **20.** | Абди Садику | ТВ Гура |
| **21.** | Шабан Далипи | МТВ, Коха, ТВ Гура |
| **22.** | Владо Танески | Утрински Весник |
| **ГОСТИ** | | |
| **23.** | Даут Селими | Регионална канцеларија на Народен правобранител -Кичево |

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Камер Имери | Регионална канцеларија на Народен правобранител -Кичево |
| **25.** | Сретен Коцески | Институт за развој на заедниците – Тетово |
| **26.** | Ермира Идризи | Институт за развој на заедниците – Кичево |
| **27.** | Ардита Дема | ЗЕЛС |
| **28.** | Исмаил Лума | ЗЕЛС |
| **ПРОЕКТЕН ТИМ** | | |
| **29.** | Сунчица Костовска Петровска | Фондација Институт отворено општество – Македонија |
| **30.** | Тамара Ќортошева | Фондација Институт отворено општество – Македонија |
| **31.** | Елизабета Ристеска | Центар за развој на заедницата - Кичево |
| **32.** | Арбреша Влаши | Здружение за развој и активизам „АКВА“ -Струга |
| **33.** | Шуип Марку | Центар за одржлив развој на заедницата - Дебар |
| **34.** | Енгин Бахтијар | Центар за поддршка на заедницата - Ресен |
| **35.** | Исмет Балажи | Локален мониторинг тим Кичево |
| **36.** | Нермина Фазлијоска | Локален мониторинг тим Кичево |
| **37.** | Магда Сарџоска | Локален мониторинг тим Кичево |